Здружение за едукација и тренинг
ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје

C:E:T Platform
МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

01 јануари - 31 декември 2022 година

@cetmk

@cetmk

www.cetplatform.mk

Скопје, јануари 2023

# Содржина

**За ЦЕТ платформа** .......... 3
Визија .......... 3
Основни цели и задачи .......... 4
Целни групи .......... 4
**Програмски задачи во 2022 година** .......... 5
**Членство** .......... 5
**Главни активности во 2022 година** .......... 6
Еразмус+ проект „Be Happy, Be a Polyglot“ .......... 7
Проект „Со успешна комуникација до подобар воспитно-образовен процес!“ .......... 8
Проект „Еднаквост и Рамноправност за сите“ .......... 9
Проект „Let's Map It! Intercultural Dialogue in Countryside Areas“ .......... 10
Еразмус+ проект „From Zero to Hero“ .......... 11
Еразмус+ проект „Young Online Entrepreneurs“ .......... 12
**Реализирани меѓународни проекти во 2022 година** .......... 13
Листа на реализирани меѓународни проекти во 2022 година .......... 13
**Финансиски извештај на ЦЕТ платформа за 2022 година** .......... 16

## За ЦЕТ платформа

Здружението за едукација и тренинг ЦЕТ платформа Скопје е доброволно, непрофитно и невладино здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, промоција и заштита на човековите права, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните и граѓанските вредности, зајакнување на меѓуетничките односи, афирмација на младите во општеството, промоција и заштита на медиумските слободи, права и стандарди и економски развој на територијата на Република Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законите.

ЦЕТ платформа е формирана во јануари 2016-та година од млади, мотивирани, компетентни и искусни младински работници, младински лидери, активисти и експерти кои се активни во граѓанскиот сектор и вклучени во младинска работа од 2008-ма година.

ЦЕТ платформа Скопје е македонскиот огранок на CET platform мрежата која има преставништва и во Србија, Хрватска, Црна гора, Словенија, Косово, Бугарија, Грција, Полска, Италија, Литванија и Босна и Херцеговина.

Преку својата работа, ЦЕТ платформа се обидува да го стимулира личниот, професионален и општествен развој на младите, како и да поттикне нивно активно и одговорно учество во општествените, културни, политички, образовни и економски процеси.

## Визија

Визијата на ЦЕТ платформа е остварување на поширок општствен интерес, делување и остварување на цели во областите на граѓанското општество, демократскиот поредок и институции, граѓанските вредности, човековите права, медиумите, неформалното образование и ранливите категории на граѓани во општеството.

## Основни цели и задачи

- развој на граѓанското општество, демократијата и демократските институции
- унапредување и заштита на човековите права, граѓанските вредности и правата на ранливите категории на ѓраѓани во општеството
- зајакнување на меѓуетничките и меѓурелигиските односи и придонесување кон еднаквост и солидарност во општеството
- унапредување и заштита на медиумските слободи, права и стандарди
- промоција на неформалното образование меѓу граѓаните, особено меѓу младите
- поддршка на маргинализираните лица и придонесување кон нивно социјално вклучување во општеството
- понудување на помош на локалните и државните институции за формулирањето на одговорни јавни политики
- афирмација на младите во општеството и потикнување на нивно учество во процесите на донесување одлуки
- поттикнување и промоција на развој и знаење во областа на домашните, регионалните, Европските и меѓународните односи и соработка
- промоција и развој на креативноста, иновацијата и претприемништвото
- промоција на одржливот развој и заштита на животната средина
- градење на капацитети на граѓанското општество на домашно и меѓунардоно ниво
- унапредување на добротворството, волонтерството и активно учество на граѓаните во општествениот, политичкиот и економскиот живот
- воспоставување соработка со домашни и странски здруженија на граѓани, фондации, единици на локалната самоуправа, државни институции и други организации чии цели се компатибилни со целите на ЦЕТ платформа
- други дејности од општествениот живот кои се од јавен интерес.

## Целни групи

- Млади луѓе на возраст од 15 до 30 години
- Младински работници
- Маргинализирани групи на граѓани

## Програмски задачи во 2022 година

За остварување на визијата и целите на Здружението, ЦЕТ платформа во 2022 година ги имаше следните програмски задачи:

1. Зголемување на бројот на членовите преку промовирање на организацијата на локални активности организирани од други здруженија на граѓани, како и промовирање преку социјалните мрежи.
2. Барања за донации и оперативни грантови од домашни и странски организации, поединци, единици на локалната самоуправа, државните институции или домашни и странски програми заради обезбедување на средства за работа.
3. Учество на проекти како партнерска организација и соработка со домашни и странски здруженија и организации, како и со преставници од граѓанскиот сектор кои имаат исти или слични цели и задачи како и ЦЕТ платформа.
4. Испраќање на млади луѓе, младински работници и преставници на граѓански организации на проекти и активности организирани од страна на нашите странски партнерски организации.
5. Присуство на семинари, конференции, тркалезни маси и слични активности кои обработуваат релеванти прашања за дејноста на Здружението на кои настапивме со свои предлози, знаења, идеи и сугестии.
6. Развивање на соработка и склучување на партнерства со слични организации од земјава и од странство.

## Членство

Во 2022 година, ЦЕТ платформа имаше 20 активни членови и волонтери кои припаѓаат на различни етнички, религиски и родови групи кои живеат во Македонија. Членовите имаат различни профили и искуства, меѓутоа повеќето од нив се активни во младинска работа, неформално образование и граѓански активизам од 2008-ма година како членови на различни организации. Тие биле во улоги на учесници, асистенти, логистика, координатори и организатори на разни локални, национални и меѓународни проекти на различни теми во рамки на програмите: Млади во Акција, Европа за Граѓаните, Еразмус Плус и No Hate Speech Movement. Повеќето од членовите на ЦЕТ платформа биле волонтери или работеле за други домашни и странски непрофитни и невладини организации во Македонија, а некои од нив биле волонтери (преку ЕВС програмата) во организации во други држави.

# Главни активности во 2022 година

Главните активности на ЦЕТ платформа во 2022 година беа концентрирани кон организирање на меѓународни Еразмус+ проекти во Северна Македонија, но и на проширување на меѓународната соработка, склучување на нови партнерства и реализација на проекти во соработка со партнерски организации од странство. На овие проекти, ЦЕТ платформа помагаше во фазите на подготовка, реализација и овозможување видливост на проектните активности и резултати, а на некои од нив заедно со партнерските организации ги пополнуваше апликационите формулари, ја планираше програмата, подготвуваше и координираше имплементацијата и евалуацијата на активностите на проектите преку испраќање на свои обучувачи или проектни асистенти.

Во 2022 година, ЦЕТ платформа реализираше **4 меѓународни Еразмус+ проекти** во Крушево, Северна Македонија во соработка со 18 партнерски организации на кои учествуваа **134** млади и младински лидери од Северна Македонија, Србија, Бугарија, Италија, Шпанија, Романија, Шведска, Украина, Хрватска, Турција, Грција и Полска.

Во 2022 година, на локално ниво, ЦЕТ платформа реализираше **2 национални проекти** на територијата на градот Скопје и во Општина Аеродром .

Во 2022 година, ЦЕТ платформа реализираше **54 меѓународни проекти** во соработка со преку **300** странски организации. На овие проекти, ЦЕТ платформа испрати **222** млади луѓе, младински работници, свои членови и волонтери, како и претставници на други граѓански организации од Северна Македонија.

Број и тип на реализирани проекти:

- **23 обуки** (training courses)
- **19 младински размени** (youth exchanges)
- **1 семинар** (seminar)
- **1 активност за градење на партнерства** (partnership building activity)
- **4 почетни состаноци** за проекти (advance planning visits)
- **4 транснационални состаноци** (transnational meetings)
- **1 евалуационен состанок** (evaluation meeting)

Овие активности беа реализирани во следните држави: Северна Македонија, Шведска, Португалија, Хрватска, Грција, Полска, Италија, Бугарија, Шпанија, Турција, Англија, Естонија, Словенија, Романија и Латвија.

Сите реализирани проекти во кои ЦЕТ платформа беше вклучена беа финансирани преку програмата **Еразмус+** на Европската Унија.

## Еразмус+ проект „Be Happy, Be a Polyglot“

Проектот „Be Happy, Be a Polyglot“ беше мобилност на млади луѓе – младинска размена што ја организиравме во Крушево, Северна Македонија од 1-ви до 8-ми ноември 2022 година со финаниска поддршка од програмата Еразмус+ на Европската Унија. На младинската размена учествуваа 37 млади луѓе и младински лидери од Северна Македонија, Србија, Бугарија, Италија, Шпанија и Романија.

Главната цел на проектот беше да се соберат 37 млади луѓе и младински лидери со цел да го деконструира митот дека учењето нови јазици е нешто тешко, како и да ја подигне нивната свест и ја промовира важноста и придобивките од учењето нови јазици.

Специфични цели на проектот беа:

- Да се подигне свеста кај младите и да се промовира важноста и придобивките од учењето нови јазици
- Да учат младите за различни култури преку јазични и неформални активности за учење
- Да се промовира и поттикне меѓусебното разбирање, меѓукултурното учење и соработката помеѓу 37 млади луѓе и младински лидери од различни култури, средини и региони
- Да се разменуваат добри практики, искуства и компетенции меѓу учесниците со користење на искуствено и учење од врсници
- Да се поттикне меѓународна соработка и градење партнерства помеѓу младински организации од 6 европски земји
- Да се промовира и едуцира за програмата Еразмус+ и Youthpass сертификатот како алатки за работа со млади луѓе на полето на вработливост, претприемништво и интеркултурно учење.

Младинската размена користеше методи кои се засноваат на неформално и искуствено образование. Учесниците активно ја креираа програмата преку учество во сите презентации, дискусии и активности, како и со давање повратни информации. Сите учесници, исто така, имаа можност да планираат и самите да водат некои од активностите за време на младинската размена, како што беа презентациите и работилници за учење на нивните мајчини јазици, како и интеркултурните вечери. Методите што беа користени вклучуваа: меѓусебно запознавање, ice-breakers и активности градење на тим, дискусии, дебати, работа во групи, симулации, презентации, анализа и споредба, театар и играње улоги, лични и групни размислувања и активности на отворено.

**Повеќе информации за проектот:** www.beep.cetplatform.mk

## Проект „Со успешна комуникација до подобар воспитно-образовен процес!“

На крајот на март 2022 година, ЦЕТ платформа поднесе предлог-проект до Општина Аеродром кој беше одобрен за финансирање во јуни 2022 со буџет од 160.000 денари. Проектот беше спроведен во периодот од 1-ви јули до 31-ви октомври 2022 на територијата на Општина Аеродром.

Општата цел на проектот беше подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во делот на основното образование во општина Аеродром, преку подобрување на комуникацијата НАСТАВНИК-РОДИТЕЛ-УЧЕНИК.

Специфични цели на проектот беа:

- Стекнување вештини за правилна комуникација НАСТАВНИК-РОДИТЕЛ-УЧЕНИК во општина Аеродром преку еднодневни интерактивни работилници наменети за наставници и родители;
- Информирање на граѓаните од општина Аеродром за правилна комуникација НАСТАВНИК-РОДИТЕЛ-УЧЕНИК преку изработка и дистрибуција на едукативни флаери со основните цели и вештини за оваа комуникација.

Целната група на проектот беа наставници и родители на ученици од основните училишта во општина Аеродром, додека пак индиректни корисници беа сите жители на општина Аеродром, со посебен акцент на семејствата кои имаат деца во основно образование, вработените наставници во основните училишта во Аеродром, а особено децата вклучени во воспитно-образовниот процес во основните училишта.

За време на проектот беа реализирани 8 еднодневни работилници, при што 4 беа одржани онлајн со користење на интернет комуникација додека 4 беа реализирани со физичко присуство. Работилниците беа спроведувани во две сесии каде во првата сесија се работеше на стекнување на знаења и вештини за подобрување на комуникацијата НАСТАВНИК-РОДИТЕЛ-УЧЕНИК, додека пак во втората сесија беше посветена на тоа како истите знаења и вештини да бидат пренесени на останатите наставници и родители, преку мултиплицирачки ефект. На овој начин беа презентирани техники и методи за надминување на идентификуваните проблеми и потешкотии во образовниот процес, како теоретски така и практично каде што преку користење на методи на работа во групи, симулации и матрица на приоритети се овозможи стекнување на вештини за подобрување на комуникацијата. Работилниците беа реализирани од страна на стручно лице на темата, како и претставници од нашето Здружение кои работат во областа на образованието.

Во последниот месец од проектот, беа подготвени едукативните флаери кои содржеа клучни пораки од темите на работилниците восприемливи за најголемиот дел од заедницата. Истите беа отпечатени и дистрибуирани на жителите на повеќе локации на територијата на општина Аеродром.

## Проект „Еднаквост и Рамноправност за сите“

Во февруари 2022 година, ЦЕТ платформа поднесе предлог-проект до Градот Скопје кој беше одобрен за финансирање во април 2022 со буџет од 150.000 денари. Проектот беше спроведен во периодот од 1-ви мај до 31-ви октомври 2022 на територијата на градот Скопје.

Општа цел на проектот „Еднаквост и Рамноправност за сите“ беше унапредување и промоција на човековите права и родовата рамноправност, промовирања на демократија, афирмирање на младиот човек во општеството, поттикнување и развој на лични и општествени вредности, како и заштита на ранливите групи на граѓани жртви на насилство и други видови на тортура. Втората главна цел на проектот беше да ја рашири идејата дека младите луѓе можат (и треба) да преземат акции за родова рамноправност и да се борат против секоја форма на родова нееднаквост, дискриминација и нетолеранција.

Специфични цели на проектот кои доведоа до остварување на општата цел беа:

- Покрената свест кај младите за своите права, како и пренесување на нови и проширување на постоечките знаења за човековите права;
- Промовирани еднакви можности и родова рамноправност, притоа борејќи се против дискриминацијата од секаков вид и говорот на омраза;
- Мотивирани учесници со дадени конкретни примери за развивање на личните и општествени вредности;
- Поттикнато активно учество (активно граѓанство) на младите на локално, градско и национално ниво во политичкиот, социјалниот и економскиот живот;
- Постигнат „мултиплицирачки ефект“ (multiplier effect), односно учесниците го пренесуваат своето знаење и искуство од проектот на своите врсници и го применуваат во својот личен, општествен и професионален живот;
- Запознаени младите со работата на граѓанските здруженија, со што се остава простор за нивно понатамошно вклучување во младинска работа и неформално образование.

Целната група на проектот беа млади луѓе од Град Скопје на возраст од 15 до 25 години кои имаа некакво или никакво знаење и искуство на темите на човекови права, еднакви можности и родова рамноправност, а кои сакаа да се вклучат поактивно во своите организации, општини или општеството во целина.

За време на проектот беа реализирани 8 обуки со користење на повеќе формални и неформални едукативни методи на кои учествуваа околу 100тина млади лица од Скопје, како и претставници на Здруженија кои работат во областа на младите и човековите права. Постигнати резултати од обуките беа што создадовме барем мал дел на активна и свесна младина за своите човекови права, која е подготвена да се бори за нивно зачувување и промовирање, истовремено борејќи се против дискриминацијата и говорот на омраза и промовирајќи родова рамноправност и еднакви можности за сите.

## Еразмус+ проект „Let's Map It! Intercultural Dialogue in Countryside Areas“

Проектот „Let's Map It! Intercultural Dialogue in Countryside Areas“ беше мобилност на млади луѓе – младинска размена што ја организиравме во Крушево, Северна Македонија од 13-ти до 21-ви јули 2022 година со финаниска поддршка од Шведската агенција за млади и цивилно општество преку програмата Еразмус+ на Европската Унија. На младинската размена учествуваа 25 млади и младински лидери од Северна Македонија, Шведска, Италија и Украина.

Главната цел на проектот беше да се поттикне меѓусебното разбирање и соработка меѓу младите луѓе од различни култури и различно развиени локални области, како и да ги стимулира да размислуваат за начините за справување со прашања поврзани со руралните области со конкретни активности.

Специфични цели на проектот беа:

- Да се поддржи културната различност во различни локални и национални реалности
- Да се поттикне меѓусебното разбирање и соработка помеѓу младите луѓе од различни култури и различно развиени локални области
- Да поттикне размислување и рефлексија за начините за справување со прашања поврзани со руралните области со конкретни акции
- Да се поттикне духот на иницијатива, креативност и активно учество во општеството кај младите
- Да открие различни пристапи на неформалното образование и да ги користи за да има влијание
- Да се подигне свеста за програмата Еразмус+ и нејзините можности за младите

За време на младинската размена се елаборираше и имплементираше сложена методологија која од една страна ги ангажира младите од руралните области, а од друга страна има опипливо влијание врз заедниците домаќини. Оваа методологија се базираше на проектот „Мапирање на слики“ (www.imagemapping.org) кој е во развој од украинскиот партнер DC Pangeya Ultima од 2015 година. Целта беше да се обучат младите заинтересирани за рурален развој за оваа методологија, при што тие ќе можат да ги реплицираат активностите во други контексти.

Проектот беше можност за учесниците да се развијат и на лично и на професионално ниво. Пред сè, тие ги развија или ги подобрија своите социјални вештини како тимска работа и лидерство. Тие направија многу нови пријателства и врски со врсници од различни земји. Тие истовремено ги развија своите интеркултурни вештини преку учење и работа со луѓе од различни култури.

**Повеќе информации за проектот:** imagemapping.org/let-s-map-it-in-north-macedonia

## Еразмус+ проект „From Zero to Hero“

Проектот „From Zero to Hero“ беше мобилност на млади луѓе – младинска размена што ја организиравме во Крушево, Северна Македонија од 12-ти до 19-ти мај 2022 година со финаниска поддршка од програмата Еразмус+ на Европската Унија. На младинската размена учествуваа 37 млади луѓе и младински лидери од Северна Македонија, Грција, Турција, Италија, Хрватска и Србија.

Главната цел беше да се соберат 36 млади луѓе и младински лидери од 6 земји со цел да се запознаат со концептот на претприемништво и спортско образование како едни од решенијата за борба против младинската невработеност.

Специфични цели на проектот беа:

- Да се подобри претприемачкиот начин на размислување и вештините на 36 млади луѓе и младински лидери и да се запознаат со основите на образованието за претприемништво;
- Да ја истражува поврзаноста, сличностите и заедничките карактеристики на претприемништвото и спортот, особено на начините за постигнување успех на двете полиња;
- Да се справи со невработеноста на младите како заеднички проблем во Европа преку едукација и подобрување на вештините за вработување на младите преку неформално и спортско образование;
- Да промовира и поттикнува на меѓусебно разбирање, меѓукултурно учење и соработка помеѓу 36 млади луѓе и младински лидери од различни култури, средини и региони;
- Да ги запознае учесниците со филозофијата на различни спортови преку учење од искусни тренери/играчи за вистинскиот начин на размислување, мотивација, тимска работа, процеси, техники и стратегии за успех во спортот;
- Да се зајакне меѓународната соработка и градење партнерство помеѓу младински организации од 6 европски земји кои работат со претприемништво и спортско образование;
- Да се промовира и едуцира за програмата Еразмус+ и Youthpass сертификатот како алатки за работа со млади луѓе на полето на вработливост, претприемништво и спорт.

Младинската размена користеше методи кои се засноваат на неформално и искуствено образование, како што се: ice-breakers и активности градење на тим, дискусии, дебати, работа во групи, симулации, презентации, анализа и споредба, театар и играње улоги, лични и групни размислувања и активности на отворено.

**Повеќе информации за проектот:** www.hero.cetplatform.mk

## Еразмус+ проект „Young Online Entrepreneurs“

Проектот „Young Online Entrepreneurs“ беше мобилност на млади луѓе – младинска размена што ја организиравме во Крушево, Северна Македонија од 8-ми до 15-ти април 2022 година со финаниска поддршка од програмата Еразмус+ на Европската Унија. На младинската размена учествуваа 37 млади луѓе и младински лидери од Северна Македонија, Полска, Грција, Италија, Бугарија и Хрватска

Главната цел на проектот беше да се соберат на едно место млади луѓе и младински лидери за да се запознаат со филозофијата на претприемништвото и научат за правилно користење на социјалните медиуми како предност за започнување или управување со бизниси или алатки за иницирање социјални промени..

Специфични цели на проектот беа:

- Да се подигне свеста на 36 млади луѓе и младински лидери за образованието за претприемништво и да се подобри нивниот претприемачки ум и вештини
- Да се стимулира духот на иницијатива, креативноста и активното учество во општеството кај младите
- Да се бори против невработеноста кај младите како заеднички проблем во Европа преку едукација и подобрување на вештините за вработување (особено во ИКТ) на младите преку неформално образование
- Да се поттикне меѓусебното разбирање, интеркултурно учење и соработка помеѓу 36 млади луѓе и младински лидери од различни култури и потекла
- Да се едуцираат учесниците како да користат и управуваат со социјалните медиуми на продуктивен, иновативен, значаен и претприемачки начин
- Да се поттикне меѓународна соработка и градење партнерство помеѓу 6 младински организации и да се промовира програмата Еразмус + како алатка за подобрување на вработливоста и претприемачкиот дух на младите луѓе.

Младинската размена користеше методи кои се засноваат на неформално и искуствено образование кои помогнаа да се подобри вработливоста на учесниците и кои промовираа демократски (европски) вредности, активното граѓанство и меѓукултурен дијалог. Исто така, методите за работа и активностите на младинската размена ја зајакнаа креативноста и иновативноста на учесниците и го промовираа претприемништвото преку учење од врсници, неформално образование и размена на добри практики. Младинската размена ги подобри знаењата и вештините на учесниците за како да ги користат социјалните медиуми на професионален и значаен начин што би можело да им помогне да започнат или подобрат нивниот бизнис, како и за иницирање или промовирање на социјални движења.

**Повеќе информации за проектот:** www.yoe.cetplatform.mk

# Реализирани меѓународни проекти во 2022 година

| Вид на проект | Име на проект | Место | Дати | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| Обука | Youth work for Women Empowerment | Маркарид, Шведска | 15 – 23 јануари | 3 |
| Обука | EXODUS - Raise Your Voice! Stand up for human rights! | Санта Мариа да Феира, Португалија | 11 – 20 февруари | 3 |
| Обука | Eco centric learning factory | Самобор, Хрватска | 21 февруари – 1 март | 2 |
| Транснационален состанок | Education 4.0 for Youth | Скопје, С. Македонија | 25 – 27 февруари | 2 |
| Обука | Remote Control - Digital Youth Work: Digital Facilitators | Трикала, Грција | 25 февруари – 07 март | 4 |
| Обука | Online Education in Youth Work: Lights, Camera, Action! | Карпач, Полска | 28 февруари – 08 март | 2 |
| Младинска размена | Dream Big | Ел Палмар де Вехер, Шпанија | 06 – 13 март | 5 |
| Обука | Together Stronger for Inclusive Europe | Пресензано, Италија | 16 – 23 март | 2 |
| Обука | Social entrepreneurs in action | Смолјан, Бугарија | 20 – 28 март | 3 |
| Транснационален состанок | EXODUS | Скопје, С. Македонија | 03 – 06 април | 2 |
| Евалуационен состанок | Creativity for change | Измир, Турција | 07 – 13 април | 1 |
| Младинска размена | Young Online Entrepreneurs | Крушево, С. Македонија | 08 – 15 април | 6 |
| Младинска размена | Cyber me, cyber you | Самобор, Хрватска | 21 – 29 април | 8 |
| Обука | Outdoor Education and Nature Activities in Youth Work | Кшижова, Полска | 21 – 28 април | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука | Increasing quality of youth work - vulnerable youth in focus | Сеута, Шпанија | 24 април – 01 мај | 3 |
| Обука | Draw For Your Rights | Лисабон, Португалија | 07 – 15 мај | 3 |
| Младинска размена | Project YOU | Таеваскоја, Естонија | 11 – 19 мај | 5 |
| Младинска размена | From Zero to Hero | Крушево, С. Македонија | 12 – 19 мај | 6 |
| Обука | Learning and Development Through Youth Work | Фао, Португалија | 16 – 24 мај | 3 |
| Обука | It's all about reality! | Цаково, Хрватска | 18 – 26 мај | 3 |
| Активност за градење на партнерства | AcThink - Act Responsible, Think Sustainable! | Фускалдо, Италија | 29 мај – 04 јуни | 3 |
| Обука | Exodus - Labour market integration of migrants | Анкара, Турција | 09 – 18 јуни | 3 |
| Подготвителен состанок | Youth Eleven | Карловац, Хрватска | 10 – 12 јуни | 2 |
| Младинска размена | Not much different we are | Карпач, Полска | 15 – 26 јуни | 5 |
| Транснационален состанок | Education 4.0 for Youth | Кахраманмараш, Турција | 20 – 23 јуни | 2 |
| Обука | Non Formal Lab | Пресензано, Италија | 22 – 30 јуни | 3 |
| Обука | Balkan Vision | Стратони, Грција | 22 јуни – 02 јули | 6 |
| Младинска размена | Europe goes rural! | Самобор, Хрватска | 11 – 19 јули | 6 |
| Младинска размена | Let's Map it! Intercultural dialogue in countryside areas | Крушево, С. Македонија | 13 – 21 јули | 10 |
| Младинска размена | Youth Eleven | Карловац, Хрватска | 22 јули – 01 август | 6 |
| Младинска размена | DIVA 3D - Diversity in Visual Arts vol.3: three dimensions of diversity | Стратони, Грција | 31 јули – 13 август | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителен состанок | Hike the Entrepreneurial Dream | Болоња, Италија, | 06 – 09 август | 1 |
| Младинска размена | Push Up Sports and Arts Balkan | Солун, Грција | 18 – 24 август | 7 |
| Младинска размена | Medi(a)terranean | Стратони, Грција | 21 август – 03 септември | 7 |
| Подготвителен состанок | From the Exodus to the Future! | Беневенто, Италија | 31 август – 03 септември | 1 |
| Младинска размена | Pre-qualify IT | Узана, Бугарија | 10 – 18 септември | 6 |
| Обука | Active Citizens of Tomorrow | Кшижова, Полска | 11 – 19 септември | 3 |
| Младинска размена | Hike the Entrepreneurial Dream | Болоња-Фиренца, Италија | 13 – 24 септември | 5 |
| Семинар | Let it Go | Кава де Тирени, Италија | 19 – 27 септември | 2 |
| Младинска размена | Youth Values | Патрас, Грција | 22 – 29 септември | 11 |
| Подготвителен состанок | Learn Live Love Sustainable | Самобор, Хрватска | 28 – 30 септември | 1 |
| Обука | Exodus - Dancing & Playing Against Discrimination! | Сан Џорџо дел Санио, Италија | 30 септември – 11 октомври | 5 |
| Младинска размена | From the Exodus to the Future! | Сан Џорџо дел Санио, Италија | 30 септември – 11 октомври | 6 |
| Обука | Two Sides of the Migrants Story | Анкара, Турција | 08 – 16 октомври | 4 |
| Младинска размена | Learn Live Love Sustainable | Самобор, Хрватска | 17 – 25 октомври | 6 |
| Транснационален состанок | Education 4.0 for Youth | Рига, Латвија | 17 – 20 октомври | 4 |
| Обука | Stories for Life: Storytelling for Connecting to Nature | Глостер, Англија | 25 октомври – 03 ноември | 4 |
| Младинска размена | Be Happy, Be a Polyglot | Крушево, С. Македонија | 01 – 08 ноември | 7 |
| Младинска размена | Active Youth | Тарговиште, Романија | 20 – 29 ноември | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука | Opportunity and handicaps for NGOs/volunteers | Анкара, Турција | 24 – 30 ноември | 4 |
| Обука | YoutHacker 2.0 | Таеваскоја, Естонија | 30 ноември – 08 декември | 3 |
| Обука | European Citizens for Global Responsibility - introduction to global education in youth work | Кшижова, Полска | 02 – 10 декември | 3 |
| Обука | Stories for Life: Deep Listening Skills for Embracing Cultural Diversity | Глостер, Англија | 06 – 15 декември | 4 |
| Обука | Inside out | Трбовље, Словенија | 08 – 14 декември | 2 |

# Финансиски извештај на ЦЕТ платформа за 2022 година



ЕМБС: 07093667
Целосно име: Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 602.192,00 | | | 149.202,00 |
| **202** | - - Потрошени материјали | | | | 20.843,00 |
| **204** | - - Други услуги | 601.574,00 | | | 8.040,00 |
| **205** | - - Превозни и транспортни услуги | | | | 79.558,00 |
| **206** | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 618,00 | | | 40.761,00 |
| **211** | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 1.213.138,00 | | | 3.990.823,00 |
| **212** | - - Провизија за платен промет | 28.563,00 | | | 30.728,00 |
| **216** | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 217.055,00 | | | 1.845.877,00 |
| **217** | - - Негативни курсни разлики | 1.747,00 | | | |
| **219** | - - Други расходи | 965.773,00 | | | 2.114.218,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 1.815.330,00 | | | 4.140.025,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 3.559.278,00 | | | 4.490.363,00 |



Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Ул. бул. Видое Смилевски Бато 35/2-20, 1000, Скопје - Аеродром
+38978247458 | www.cetplatform.mk | macedonia@cetplatform.org

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 1.322.831,00 | | | 2.746.415,00 |
| **247** | - - Други приходи | 345,00 | | | |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 3.559.278,00 | | | 4.490.363,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 3.559.278,00 | | | 4.490.363,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 1.763.498,00 | 350.350,00 | | 350.350,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 1.763.498,00 | 345.456,00 | | 345.456,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 1.763.498,00 | 339.748,00 | | 339.748,00 |
| **14** | - - Девизна сметка | | 5.708,00 | | 5.708,00 |
| **19** | - - КУПУВАЧИ | | 4.894,00 | | 4.894,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 1.763.498,00 | 350.350,00 | | 350.350,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 19.550,00 | | | 12,00 |
| **53** | - - б) Добавувачи | 19.550,00 | | | 12,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 1.763.498,00 | | | 350.350,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна | Исправка на | Нето за тековна |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | година | вредноста за тековна година | година |
|---|---|---|---|---|---|
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 217.055,00 | | | 1.845.877,00 |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | | | | 2.746.415,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 1.743.948,00 | | | 350.338,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 1.743.948,00 | | | |
| **359** | - - Нераспределен дел од вишокот на приходите-добивката | | | | 350.338,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 4.490.363,00 |

**Потпишано од:**

Suzana Josifovska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

C:E:T Platform
МАКЕДОНИЈА

14/03/2023, 08:34 Поднесување Годишни Сметки преку Веб - Централен Регистар на Република Северна Македонија

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

https://e-submit.crm.com.mk/aaol/Admin/GenerateAAPreview.aspx?aaid=6tz%2fVTcHDI0GH2057i%2fgXw%3d%3d&uid=LNKnFOQtDT2n%2fCE... 4/4

**Скопје, 28.01.2022**

**Бојан Коцевски**
**Претседател на ЦЕТ платформа**